Врз основа на член 8 став 1 алинеја 29 и член 24 став 1, а во врска со член 109 став 2 од Законот за електронски комуникации, (Службен весник на Република Македонија, бр. 39/2014, 188/2014 , 44/2015, 193/15, 11/18 и 21/18), Директорот за Агенцијата за електронски комуникации на ден 24.04.2020 година, донесе:

# П Р А В И Л И К

## за изменување и дополнување на Правилникот за контрола и мерење на параметри за квалитет на услуга за Интернет пристап преку јавни фиксни комуникациски мрежи

### Член 1

Во Правилникот за контрола и мерење на параметри за квалитет на услуга за Интернет пристап преку јавни фиксни комуникациски мрежи со Службен весник на РМ, бр. 35 од 12.2.2019 година, во член 3 став 2, после зборот „ се " се додаваат зборовите „ факти и докази на кои се заснова Приговорот до Операторот и истите се негов задолжителен составен дел, согласно член 120 став 2 од Законот за електронски комуникации. ", додека зборовите „ доставуваат до операторот при иницирање на барање за проверка на квалитетот на пристапот на Интернет од страна на операторот", **се бришат**.

### Член 2

Во член 4 став 2, после зборот „ случај ", се додаваат следните зборови „ доколку резултатите од самостојните мерења од член 3 на овој Правилник, не ги задоволуваат критериумите на квалитет,".

### Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во Службен весник на РМ.

По влегувањето во сила, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за контрола и мерење на параметри за квалитет на услуга за Интернет пристап преку јавни фиксни комуникациски мрежи, ќе биде објавен на ВЕБ страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Директор
Сашо Димитријоски

Наш број: 0101- 413/4
Скопје, 24.04.2020